Бр./Nr 12-1914/4

16-12-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ДУТ ---- ----------- ----------- ДООЕЛ увоз - извоз --------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 14.12. 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-5761 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-5761/1 од 24.12.2019 година доставена од подносителот ДУТ ---- ----------- ----------- ДООЕЛ увоз - извоз --------,

**СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-5761 од 2019 година, во предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-5761 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5761 од 2019 година е оформен по известување/пријава бр. 12-5761/1 од 24.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител - правно лице ДУТ ---- ----------- ----------- ДООЕЛ увоз - извоз --------.

Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за незаконитости и сторена корупција во јавна набавка, реализирана во ЈОУДГ -------- ----------- --------, за набавка на услуга „доделување на пакетчиња за новата 2020 година и фотографирање на дечиња со Дедо Мраз", која била спроведена во постапка за доделување на договор за јавна набавка со прибирање на понуди без објавување на оглас.

Подносителот на доставената пријава бил еден од учесниците во предметната постапка до кој од договорниот орган/ЈОУДГ била доставена покана за поднесување на понуди на ден 18.11.2019 година, на која тој се одзвал и доставил понуда но, во постапката била избрана понудата на друг понудувач/економски оператор , а за која понуда тој имал сознанија дека била повисока со над 50% од нивната дадена понуда. Подносителот на пријавата, како заинтересирано лице во постапката, се сомнева во законитоста на спроведената постапка за јавни набавка, смета дека биле прекршени законските одредби со кои се регулира склучувањето на договор за јавни набавки без објавување на оглас и се сомнева дека е сторена корупција во предметната постапка при донесувањето на одлуката за избор на

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

најповолен понудувач. Воедно, тој се сомнева и во транспарентноста на водењето на целата постапка и непристрасноста на одговорните лица на предметната ЈОУДГ поради тоа што бил избран истиот давател на услуга/понудувач кој бил избиран и во претходните две - три години иако тој секогаш нудел највисока цена за своите услуги. Од страна на правното лице/подносителот на пријавата до ДКСК, предметната пријава била доставена и до Основното јавно обвинителство ----------.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Основното јавно обвинителство -------- за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи.

Во врска со доставеното барање, на ден 19.05.2019 година, добиен е одговор со кој ДКСК се известува дека во Основното јавно обвинителство -------- било поднесено и примено известување/пријава од истото правно лице по кое во обвинителството бил заведен предмет на ден 19.12.2019 година, било постапено од страна на основниот јавен обвинител и била издадена Наредба за преземање на дејствија до МВР – ПС ----------, по која постапката била во тек.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во предметниот случај се постапува од страна на друг надлежен орган - ОЈО -------- пред кој постапката е се уште во тек, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот, се запира а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 декември 2020 година под бр. 12- 1914/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : С.П.Д ,член на ДКСК